# ПРАЗНИК НАД

Ден на Воскресението е,
да се просветлиме со празникот,
да се прегрнеме еден со друг,
да ги наречеме браќа и оние што нè мразат,
да простиме сè со Воскресението,
правејќи така да запееме:
'Христос Воскресна од мртвите,
со смртта смртта ја уништи,
и на оние во гробовите живот им подари'.
Христос Воскресна!
(пасхална стихира
на Свети Јован Дамаскин)



# ПРАЗНИЦИТЕ

## Големиот ден на Воскресението

„Секој ден не е Велигден“. Зошто? Погледнете ја само светлината што на овој ден Господ во изобилие ја излева насекаде! Погледнете колку само од благодатта човек може да живее, без да е гладен за што и да е друго! Љубовта што денес Господ ни ја покажува, милоста и простувањето, се единствената вистинска причина за нашето постоење. Нека им даде Господ на сите да вкусат од убавината на овој ден, за да осознаат зошто се овде каде што се, повикани во живот. Да го видат својот почеток и крајот на сè, Христос, Спасителот и Утешителот благ. Не би ли, по милоста Божја, да го достигнеме Невечерното Царство на Љубовта на Отецот, Синот и Светиот Дух, и да преминеме одовде во вечноста со Него, Воскреснатиот.

**Свети и блескај, Нов Ерусалиме**

**славата Господова на тебе изгреа. Ликувај сега и весели се, Сионе.**

**Ти, Пречиста радувај се Богородице, од воскресението на Твојот пород!**

## Преподобен Амвросиј Оптински

### Христовото Воскресение

*....Свеченото празнување на светлиот празник на Воскресението Христово секоја година, покрај карактеристичното значење, воедно ни служи и како потсетување на сеопштото и сесветско воскресение, што особено е видливо од знаменитите чинови на Пасхалната утрена....*

Во светлоносната ноќ, по читањето на Полуноќницата, се совршува свеченото излегување од храмот на сите свештенослужители и на сите верни со запалени свеќи, со изнесување на крстот, во литија со икона и со биење на камбаните. Очигледно е дека овде црковните случувања укажуваат на евангелската приказна за десетте девојки што на полноќ ги буди глас: ’Еве, Женикот доаѓа! Излезете му во пресрет’. Тогаш станаа сите девојки и ги украсија светилата свои и Му излегоа во пресрет на на Женикот (Мат. 25, 1 - 7) Овие девојки се - душите на верните. Женикот е - Христос. Ноќта е - животот на овој век. Светилата се верата и добрите дела. Како и евангелската приказна така и свеченета обиколка на верните околу храмот при биењето на камбаната го изобразува сеопштото воскресение на крајот на светот, кога гласот на трубата архангелска ќе ги разбуди сите мртви и кога сите верни на Господ, како евангелските девојки, ќе Му излезат во пресрет со своите светила, секој според своето достоинство.




Кога се совршува оваа свечена литија околу црквата, нејзините двери се затвораат. Верните, итајќи, ја гледаат светлината во неа, а на патот пред себе непроѕирен мрак, и така пристапуваат во предворјето на црквата кон затворените двери. Нели со тоа се означува дека при сесветското воскресение сите воскреснати оддалеку ќе ја здогледаат  Одајата на Небесната Слава, но нема сите да влезат во неа, туку само достојните, чиишто светила, како кај мудрите девственици, нема да изгаснат при средбата со Женикот - Христос? Останатите, пак, кај коишто, како кај лудите девојки, светилата ќе бидат изгасени, залудно ќе го повторуваат почетокот на црковната песна: 'Одајата Твоја ја гледам, Спасе мој, украсена, и одежда немам да влезам во неа'.

## Сега сите се исполнија со светлина,

**небото и земјата и подземјето, и секое создание го празнува**

**Воскресението Христово, и во него се утврдува.**

Во предворјето на црквата, пред затворениот влез, првиот меѓу оние што служат го прави вообичаениот пасхален почеток со славословие кон Пресветата Троица и со тропарот 'Христос воскресна', со крстот во рацете ги отвора црковните двери и прв влегува во храмот, а по него влегуваат без разлика и сите останати христијани, пеејќи го радосниот тропар 'Христос воскресна од мртвите, со смртта смртта ја победи и на оние во гробовите живот им подари'. Повторувајќи го многупати, додаваат и други серадосни пеења: 'Ден на Воскресението е! Да се просветлиме, луѓе! Пасха, Господова Пасха! Оти од смрт кон живот, и од земјата кон Небото нѐ приведе Христос, нашиот Бог, нас кои победната песна ја пееме...' Веќе не се слуша вообичаеното читање коешто побудува дух на скрушеност, туку непрестајно се слуша слаткопој што кај сите предизвикува радување. Служителите  на олтарот непрестајно се појавуваат во блескави одежди, непрестајно го гледаме Крстот Христов и се поклонуваме пред знамението на нашето спасение, обвиткани во облачиња од свештен темјан. Во рацете сите имаат запалени свеќи, на сите присутни на усните без престан им трепери: 'Христос воскресна!'

## Тебе распнатиот и погребаниот

**ангелот Владика Те нарече, на жените велејќи им: 'Дојдете видете**

**го местото каде што лежеше Господ, воскресна како што пророче,**

**зашто е  сесилен. Затоа Ти се поклонуваме, Тебе,**

**единствениот бесмртен, Животодавецу Христе, помилуј нé.**




Така се празнува Пасхата Христова на земјата и во тоа празнување учествуваат сите христијани, достојни и недостојни, бидејќи сегашниот живот е подложен на промени - неретко достојните стануваат недостојни и обратно, недостојните - достојни, што се виде на примерот на Јуда и на покајаниот разбојник. Првиот беше во групата на Дванаесеттемина апостоли Христови, три години Го следеше Христа, непрестајно го слушаше Неговото учење, и имаше дар да истерува демони и да исцелува разни болести. Но, на крајот, избезумувајќи се од негрижа и од среброљубие, Го предаде Христа и без покајание загина за навек.

## Оној Кој воскресение му дарува

**на човечкиот род како јагне на колење се приведе, се уплашија кнезовите адски, и вратата на плачот падна: Царот на славата влезе, на подвластените велејќи им 'излезете!' и на оние во темнина 'просветлете се!'.**

Оној другиот, пак, повеќе од триесет години беше во четата на закоравените злосторници, но вразумувајќи се на Крстот своеволно Го исповедаше Распнатиот Син Божји за Господ и за Цар, и прв влезе во Рајот. Овие примери треба секогаш да ги имаме на ум, за да се воздржуваме од гревот на осудувањето, дури и кога ќе видиме дека некој греши и на самиот крај од животот негов, како што нè убедува Свети Јован Лествичник. Но, поинаков ќе биде поредокот на празнувањето на Небесната Пасха вечна после сеопштото Воскресение и Судот. На тоа празнување ќе пристапат само достојните, избраните. И кој еднаш ќе биде пуштен во Небесната Одаја на празнувањето на вечната Пасха, тој вечно ќе остане со оние коишто ја празнуваат со радосен глас. А кој ќе се покаже недостоен за учество во тоа празнување, ќе си остане во вечна лишеност и вечно отуѓување. Но сега, заради серадосниот Празник, не е време да се говори за горчливата судбина на последните,. Ќе речеме само едно: сите ние христијаните, додека сме живи, должни сме да бидеме внимателни и претпазливи во однос на своето спасение. И оние меѓу нас коишто мислат дека стојат, нека внимаваат да не паднат, сеќавајќи се секогаш на ужасниот пример на Јуда кој погина. Немоќните, пак меѓу нас, и оние коишто паѓаат, нека се разбудат со надеж на исправување, гледајќи го утешителниот пример на благоразумниот разбојник, кој го наследи Рајот.

'О Пасха велика и свештена, Христе! О Премудрост и Слово Божјо, и сило! Дај ни да се причестуваме со Тебе, во Невечерниот ден на Твоето Царство!'

Амин!

## Свети и блескај,

## Нов Ерусалиме!




Да го празнуваме овој најголем и светол празник, во кој воскресна Господ, да го празнуваме светло и воедно благочестиво. Господ воскресна и со Себе ја воскресна вселената. Воскресна, раскинувајќи ги оковите на смртта. Адам згреши и умре. Христос не згреши и исто така умре. Тоа е необично и прекрасно: оној згреши и умре, а Овој не згреши, но исто така умре. Зошто? За да може оној кој згреши и умре преку Оној кој не згреши, да се ослободи од оковите на смртта. (Свети Јован Златоуст)

G

# НА ПАТОТ ЗА ЕМАУС

Во првиот ден од седмицата, многу рано, тие дојдоа на гробот, носејќи приготвени мириси, а заедно со нив беа и некои други; и како влегоа не го најдоа телото на Господа Исуса. И додека се чудеа на тоа, одеднаш пред нив застанаа двајца мажи во светли облеки; тие се уплашија и ги наведнаа лицата кон земјата, а овие им рекоа: „Зошто Го барате Живиот меѓу мртвите? Он не е овде, а воскресна; сетете се како ви рече, кога беше уште во Галилеја, говорејќи дека Синот Човечки треба да биде предаден на луѓе грешници и да биде распнат, и на третиот ден да воскресне.“ И се сетија на Неговите зборови. Па штом се вратија од гробот, им го соопштија сето тоа на единаесетте и на сите други. А тие беа Марија Магдалина, и Јоана, и Марија Јаковова и други со нив, што им го кажаа тоа на апостолите. И нивните зборови им изгледаа како лага, и не им поверуваа. Но Петар стана и отиде бргу до гробот, и кога се наведна, го виде внатре само покровот и се врати, чудејќи се сам во себе за она што станало.

Во истиот ден двајца од нив одеа во едно село, по име Емаус, кое беше оддалечено од Ерусалим шеесет стадии; и зборуваа помеѓу себе за сите овие настани. И кога разговараа и се запрашуваа еден со друг, Сам Исус се приближи и одеше со нив; но очите им се замрежија за да не Го познаат. А Он им рече: „Какви се тие зборови што ги разменувате помеѓу себе одејќи и зошто сте нажалени?“ Едниот од нив, по име Клеопа, Му одговори и рече: „Единствен туѓинец ли си ти во Ерусалим, та не си разбрал што стана во него овие дни?“ И ги праша: „Што?“ Тие му одговорија: „Она што стана со Исуса Назареецот, Кој беше пророк, силен на дело и на слово, пред Бога и пред сиот народ; дека нашите првосвештеници и управници Го предадоа да биде осуден на смрт и Го распнаа; а ние се надевавме дека Тој е Оној што треба да го избави Израилот; но и покрај сето тоа, денес е веќе трет ден, откако стана ова. А и некои жени од нашите нè исплашија; тие биле рано на гробот, и не го нашле телото Негово; и кога



се вратија, рекоа дека им се јавиле ангели и дека им кажале дека е Он жив. Отидоа на гробот и некои од нашите и најдоа исто така како што рекоа жените; но Него не Го виделе.“

Тогаш им рече: „О безумни и тврди по срце, да верувате во сè што рекле пророците! Не требаше ли така да пострада Христос и да влезе во Својата слава?“ Па како почна од Мојсеја и од сите Пророци, им зборуваше што е кажано за Него во целото Писмо. И тие се приближија до селото во кое одеа; а Он се направи како да сака да продолжи. Но тие Го задржаа, велејќи: „Остани со нас, оти денот превали и наскоро ќе се стемни!“ Он влезе и остана со нив. А кога седеше со нив на трпеза, зеде леб, го благослови, го прекрши и им подаде; тогаш им се отворија очите и тие Го познаа; но Он стана невидлив за нив. И си рекоа еден на друг: „Зар не гореа срцата наши, кога ни зборуваше по патот и кога ни го објаснуваше Писмото?“ Па во истиот час станаа, се вратија во Ерусалим и ги најдоа собрани единаесетте и оние што беа со нив, каде што говореа дека Господ навистина воскреснал и му се јавил на Симона. И тие кажаа за она што им се случи по патот и како Го познаа, кога го прекршувал лебот. Додека тие уште зборуваа за тоа, Сам Исус застана среде нив и им рече: „Мир вам!“

А тие, така збунети и уплашени, помислија дека гледаат дух. Но Он им рече: „Што се плашите и зошто такви мисли влегуваат во срцата ваши? Видете ги рацете Мои и нозете Мои: Јас Сум Истиот; допрете се до Мене и гледајте; зашто духот нема тело и коски, а, како што гледате, Јас имам.“ А кога го рече тоа, им ги покажа рацете и нозете. Но, додека тие од радост уште не веруваа и се чудеа, Он им рече: „Имате ли овде нешто за јадење?“ Тие Му дадоа парче риба печена и мед со саќе. И кога зеде, јадеше пред нив. Па им рече: „Ете, тоа е она за што ви зборував уште додека бев со вас, оти треба да се исполни сè што е напишано за Мене во Законот Мојсеев и кај Пророците, и во Псалмите.“ Тогаш им го отвори умот за да ги разбираат Писмата, и им рече: „Така е напишано и така требаше да пострада Христос и да воскресне од мртвите на третиот ден, и да биде проповедано во Негово Име покајание и проштевање на гревовите кај сите народи, почнувајќи од Ерусалим; а вие сте сведоци за ова. И ете, Јас ќе го испратам врз вас ветувањето од Мојот Отец; а вие останете во градот Ерусалим дури не се облечете во сила одозгора.“

А за воскресението на мртвите не сте ли читале, што ви рекол Бог, Кој вели: 'Јас сум Бог Авраамов, Бог Исаков и Бог Јаковов. Бог не е Бог на мртвите, туку на живите'.

**Зашто при воскресението луѓето ниту ќе се женат ниту ќе се мажат, а ќе живеат како ангели Божји на небесата."**

И ги изведе надвор од Витанија, па кога ги подигна рацете, ги благослови. И кога ги благословуваше, се оддели од нив и се вознесе на небото; тие Му се поклонија и се вратија во Ерусалим со голема радост. И беа постојано во храмот, каде што Го прославуваа и благословуваа Бога. Амин!
(Лука, 24)

Христос воскресна од мртвите,
со смртта смртта ја победи,
и на оние во гробовите
живот им подари!
(тропар на Воскресение)



квалитетно суво црвено вино

# TERAN




...работете за нераспадлива храна!